промовира соработка, истражувачка активност (за што сведочат големиот број објавени трудови ширум светот-Канада, САД, Јапонија, Италија, Шпанија, Израел, Турција итн.) и учество во повеќе национални и меѓународни проекти.

**КОЈА Е ЦЕЛТА НА ПОСТДИПЛОМСКИТЕ СТУДИИ ПО ЗДРАВСТВЕН МЕНАЏМЕНТ И ЈАВНО ЗДРАВЈЕ ПРИ ОВОЈ ИНСТИТУТ?**

Основна цел на студиската програма е да се оспособи квалитетен високообразован кадар од областа на јавното здравство, да се зголеми образовното ниво преку зајакнување на капацитетите во здравствениот менаџмент со што ќе се придонесе за подобрување на менаџментот во здравствената дејност, а со тоа за подобрување на здравствените услуги и здравствениот статус на населението во Република Македонија.

**КОЈА Е ГАРАНЦИЈАТА ДЕКА ПО ЗАВРШУВАЊЕТО НА СТУДИИТЕ КАНДИДАТИТЕ КЕ БИДАТ УСПЕШНИ ЗДРАВСТВЕНИ МЕНАЏЕРИ?**

За нас болниците и клиниките не се само медицински установи, туку истовремено и социјални и работни установи. Со нив мораат да управуваат лица кои се обучени да преземаат одговорност во управувањето, односно кои се во состојба да ги интегрираат различните професионални, економски и социјални фактори на работа во здравствените установи. Затоа смогнавме сили да вклучиме докажан наставен кадар од земјата и странство, изготвивме модерна студиска програма и обезбедивме адекватни услови за реализација на истата.
(повеќе информации на http://www.seeu.edu.mk/mk/future-students/academics?id=87).